**Известување за концентрација со која СТЕНТОН ГРАДБА ДОО Битола, ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Охрид основаат заедничко вложување КЕС ПРОПЕРТИС ДОО Скопје (предмет бр. 08-190/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 31.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола, Друштво за градежништво проектирање и изведба ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. Охридска Архиепископија бр. 2 Охрид основаат заедничко вложување Друштво за изградба и управување со недвижности КЕС ПРОПЕРТИС ДОО Скопје со седиште на Булевар Србија бр.2 Скопје

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, Битола е со дејност на изградба на станбени и нестанбени згради.

Друштво за градежништво проектирање и изведба ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. Охридска Архиепископија бр. 2 Охрид е со дејност останати лични услужни дејности.

Друштво за изградба и управување со недвижности КЕС ПРОПЕРТИС ДОО Скопје е со дејност производство на електрична енергија од обновливи извори

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

13.01.2026 година
Скопје